*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
БР.18-118/7
17. 05.2023 год.

Врз основа на член 29 ,член 38 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20),Градоначалникот на Општина Штип го дава следното:

**ОДЛУКА**

За организирање на ПОВТОРНА Јавна презентација и јавна анкета
по изготвена измена и дополнување на детален урбанистички план
за дел од УЕ 27,дел од населба "Автокоманда" , Општина Штип

Член 1

Со оваа одлука се организира јавна презентација и јавна анкета по изготвена измена и дополнување на детален урбанистички план за дел од УЕ 27,дел од населба "Автокоманда" , Општина Штип.

Член 2

Соопштението за организирање на јавна презентација и јавна анкета ќе биде објавено на веб страната на Општина Штип и во информацискиот систем на е-урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Член 3

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена.

Член 4

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 05 Јуни 2023 до 16 Јуни 2023 год, а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 09 Јуни 2023 година во 11:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.

Член 5

Целокупната документација на горенаведениот план ќе биде изложена на јавно место ,во информацискиот систем на е-урбанизам и во просториите на одделението за урбанизам, градежниште, станбени работи и заштита на животната средина.

Член 6

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги достават своите забелешки по однос на горенаведената планска документација во електронска форма преку информацискиот систем на е-урбанизам или во писмена форма преку архива.

*Градоначалник на*
*Општина Штип*
*Иван Јорданов*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА ШТИП *